Институт за развој на заедницата
Community Development Institute
Instituti për Zhvillim të Bashkësisë

Tetovo - Macedonia
www.irz.org.mk

Институт за развој на заедницата
Community Development Institute
Instituti për Zhvillim të Bashkësisë
Tetovo - Macedonia
www.irz.org.mk

## Визијата на ИРЗ за заедницата:

Хармонично мултиетничко општество на богати и образовани луѓе – општество без предрасуди.

## Мисија на ИРЗ:

ИРЗ е одржлива граѓанска организација која работи на градење на демократски интегриирано и мултиетничко општество преку зајакнување на капацитети на индивидуалци, организации и институции. Искуството на ИРЗ се базира на 15 години работа во заедницата, одговарајќи на потребите на граѓаните и помагајќи во надминување на предизвиците.

### Стратешки определби:

- Развој на демократијата и граѓанското општество.
- Подобрување на стандардот и квалитетот на живот на граѓаните.
- Институционално и програмско јакнење на организацијата.

## Програмски активности:

1. **Развој на демократијата и граѓанското општество :**

- Програма за подобрување на мултиетнички односи;
- Програма за транспарентност и отчетност на јавни институции;
- Програма за подобрување на легислативата.

2. **Подобрување на стандардот и квалитетот на живот на граѓаните:**

- Програма за зголемување на конкурентност на пазарот на трудот;
- Програма за култура;
- Програма за проактивна младина.

3. **Институционално и програмско јакнење на органзацијата:**

- Програма за јакнење на човечките и техничките ресурси на ИРЗ;
- Програма за развој на алтернативни извори на финансирање.

# Методи на работа:

Во својата работа при имплементација на програмските активности, ИРЗ ги користи следниве методи:

- Семинари
- Конференции
- Работилници
- Публикација на печатен образовен материјал
- Производство на аудио и видео образовен материјал
- Консултации и менторство
- Студиски патувања и размени

Изминатиот период, ИРЗ се докажа како организација која што има капацитети, знаење, искуство и експертиза за мобилизација на човечки и технички ресурси, но и како организација која што успеа да воспостави локално партнерство помеѓу различните структури во општеството наоѓајќи решение за проблемите на граѓаните.

# Партнерства и соработки на ИРЗ:

*ИРЗ е член на повеќе локални, регионални и национални мрежи и има достигнато значајна соработка со деловни субјекти и локалната самоуправа.*

| Партнерство со локалната самоуправа | Партнерство со деловни субјекти | Соработка со медиумите |
|---|---|---|
| • Имплементација на програмата за Градење на капацитет на Комисиите за односи меѓу заедниците во 23 етнички мешани населени општини.<br><br>• Учество на членовите од ИРЗ во експертското и координативното тело формирано од градоначалникот на општина Тетово за зајакнување на соработката помеѓу НВО- и и локалната самоуправа.<br><br>• Учество на претставник на ИРЗ во фондацијата за развој на информатичко општество формирана од страна на општината Тетово и Агенцијата за развој на Обединетите Нации (УНДП).<br><br>• Потпишани меморандуми за соработка со 18 градоначалници на општини. | • Со цел да ги реализира стратешките цели, ИРЗ има воспоставено партнерство со локалните деловни субјекти за реализација на програмата за економски развој и вработување на млади луѓе. | • Партнерството со медиумите е од посебен интерес за ИРЗ. До сега, имаме воспоставено соработка со ТВ Менада, Радио Плус Форте, Тв Арт, ТВ Коха, Радио Телевизија Кисс, списанието Поинт, Македонско Радио, како и со новинарите од водечките медиуми на национално ниво. |

Институт за развој на заедницата
Community Development Institute
Instituti për Zhvillim të Bashkësisë
Tetovo - Macedonia
www.irz.org.mk

# Партнерства со граѓански сектор:

| Локално ниво – општина Тетово | Регионално Ниво |
| --- | --- |
| • Во рамките на сојузот на организации за развој на техничката култура, како член основач и како агенција за имплементација на програмските активности развиени во соработка со Националниот сојуз. Постигнати резултати: реконструкција на клубот за техничка култура, организирање на едукативни активности, и награди добиени на натпревар на државно ниво.<br>• Координација на програмата на акцијата за разоружување "Доста е", за регионот на Тетово и Гостивар. Постигнати резултати: успешен тренинг на волонтери за следење на процесот на разоружување, зголемување на свеста на локалното население за опасноста од поседување на оружје, започнување на меѓународна соработка за наоѓање на заеднички пристап кон решавање на проблемот<br>• Билатерална соработка во имплементацијата на активностите со партнерски организации: Мултикултура, Центар за јавна партиципација - Тетово, Сонце – Тетово, и други организации. | (Тетово – Гостивар – регион)<br><br>• Билатерално партнерство со Асоцијацијата за демократска иницијатива (АДИ) – Гостивар на проектот "Граѓнски информатор" како граѓански одговор на вооружениот конфликт во 2001 година. Во рамките на оваа програма обезбедивме информации за раселените лица и за ѓраѓаните од кризните региони за услугите кои што се достапни во заедницата за време на конфликтот.<br>• Партнерство со локалите невладини организации од Тетово и Гостовар во рамките на ФРЕСТА програмата на тема градење капацитети за асоцијации и групи на граѓани. Според резултатите и оценката на од данското министерство за надворешни работи, програмата е успешно спроведена. |
| **Национално ниво** | **Меѓународно ниво** |
| • Основач и партнер на Сојуз за за развој на образование на возрасни и доживотно учење во Република Македонија (СРОВ).<br>• Основач на мрежа за одржлив развој и заштита на животна средина АЈДЕ МАКЕДОНИЈА.<br>• Партнерство со ОБСЕ, ЗЕЛС и други локални организации при спроведување на програмата за зајакнување на капацитети на комисиите за односи меѓу заедниците во Република Македонија.<br>• "Платформа" за мир и стабилност,<br>• Програма за подобрување на меѓуетничките односи во Македонија.<br>• "Доста е" – мрежа на невладини организации од Македонија. Регионална канцеларија – центар за ресурси; имплементација на активности за разоружување.<br>• Коалиција на младински организации СЕГА - подготовка на национална стратегија за млади и стратегија за имплементација.<br>• ХОПС – сексуално обаразование и превенција – програма за средношколци во Република Македонија | • Членство во Европската мрежа за основни работни вештини со седиште во Норвешка.<br>• Членство на Европскиот Граѓански форум. ЕГФ е транснационална мрежа која денес вклучува 91 здружение од 23 земји во Европската Унија.<br>• Членство во Асоцијацијата на Локални Демократски Агенции (АЛДА). АЛДА е меѓународна невладина организација која работи на активно негување на човековите права и локалната демократија.<br>• ИРЗ функционира како агенција за имплементирање на програмата за демократско раководење во рамките на Совет на Европа<br>• Информативен центар за Советот на Европа/ Информативно катче Тетово.<br>• Учество и спроведувач на програма ФРЕСТА во Југоисточна Европа.<br>• Членство во меѓународна асоцијација УНИТЕД-Против расизмот<br>• Градители на мир (Peacebuilders) Интернационал- Канада. Меѓународна организација каде што ИРЗ е една од основачите на мрежата чија цел е разрешување на конфликти. |

# Публикации:




**КОМЗ**- Комисии за односи меѓу заедниците. Целта на оваа брошура е да се обезбедат дополнителни информации за општинските членови на КОМЗ, локалната власт и ~~на~~ невладините организации за утврдување ~~и~~ на улогата на КОМЗ во рамките на заедницата. Брошурата е дистрибуирана до повеќе од 30 општини, невладини организации, медиуми, библиотеки, и други заинтересирани страни. Брошурата е изработена во соработка со канцеларијата на ОБСЕ во Скопје.

**ЕКО КУЛТ-** Ова списание беше публикувано со цел учениците да се информираат за активностите во етнички мешаните училишта вклучени во програмата Еко Култ. Тиражот на списанието беше до 12.000 примероци и беше дистрибуирано во 10 општини. Програмата беше реализирана во соработка со невладината организација Потрага по заедничка основа (Search for common ground) - САД, канцеларија Скопје.






**КОМПАС -** Списание за политичката и социо - економската состојба во регионот на Тетово. Ова списание беше објавено во 2000 година, една година пред вооружениот конфликт во Македонија

**НАРОДОТ ИМА ЗБОР-** брошура за промените во Уставот според Охридскиот рамковен договор. Базирано на одлуките за уставните промени, ИРЗ ја објави оваа брошура со цел да обезбеди информации за значењето на рамковниот договор и придобивките од неговата имплементација. Брошурата беше дистрибуирана низ тетовскиот регион.





**БАЛКАН КАФКАЗ-** факти и наоди од студиската посета во Грузија, Ерменија и Азербејџан. Целта на оваа брошура е да ги зближи граѓаните на балканските и регионите на Кафказ, односно полесно да се информираат за актуелните процеси во земјите.

Прирачникот "**Сè што сакам да знам за Комисиите за односи меѓу заедниците- искуства и препораки**" е второ дополнето издание на брошурата "Комисии за односи меѓу заедниците". Овој прирачник е одговор на повеќето дилеми и прашања кои се појавија изминатите години при работата и функционирањето на КОМЗ. Во него се поместени законската регулатива поврзана со КОМЗ, искуства од работата на КОМЗ, како и предлози за подобрување на нивната работа. Прирачникот е наменет за граѓаните, членовите на КОМЗ, донесувачите на одлуки на локално ниво, вработените во општинската администрација, организации и институции кои работаат на полето на унапредување на односите меѓу заедниците.







**Анализа на политики**- за **Комисии за односи меѓу заедниците** е публикација за досегашните спроведени политики за Комисиите за односи меѓу заедниците (КОМЗ) која дава преглед на историјатот на КОМЗ, нивното воспоставување, функционирање, финансирање и односите на Комисиите за односи меѓу заедниците со Советот на општината, граѓаните, граѓанскиот сектор и пошироката јавност. Публикацијата содржи и препораки за законската и институционална рамка на КОМЗ со цел подобрување на работењето на КОМЗ и обезбедување на одржливост на работата на КОМЗ во иднина.

**ПРИРАЧНИК ЗА ВОЛОНТЕРИ** – како дел од имплементирањето на својата годишна програма за 2011 година ИРЗ го подготви прирачникот за волонтери, кој е наменет за сите млади луѓе кои се залагаат да иницираат промени во општеството. Прирачникот го подготвивме за сите тие кои се заинтересирани за волонтирање со цел да им се олесни патот кон волонтерството, на сегашните и идните волонтери и организатори на волонтерската активност да им се даде до знаење улогата на волонтерство, содржината на законот, одговор на најчесто поставуваните прашања во врска со досегашната примена на Законот, разјаснувања на одредени дилеми, а со тоа да се помогне во спроведување на законот и тој да го поттикне и препознае волонтерството во Република Македонија.



# Документарни филмови од ИРЗ:



**Балкан Кафказ** - Документарниот филм е резултат на студиската посета на Грузија, Ерменија и Азербејџан (Јужен Кафказ) во Јули 2006. Времетраењето на филмот е околу 65 минути и ни дава целосен преглед на стилот на живеење, економската и политичката ситуација и тековните предизвици во регионот.




**Конечниот статус на Косово во очите на граѓаните кои живеат во малцинство-** Ставови на обичните граѓани кои живеат како малцинство во Тетовскиот регион и околните општини за крајниот статус на Косово. Севкупната цел на програмата е да се обезбеди можност за граѓаните кои живеат во етнички мешани општини во Македонија да ги изразат своите мислења и ставови во врска за процесот на дефинирање на конечниот статус на Косово и да објави прашања преку електронските и печатените медиуми на (или наменети за) владините функционери и обичните граѓани во Косово.




**Тетово – он-лајн-** овој документарен филм содржи видео материјали и слики снимени на почетокот на вооружениот конфликт во Тетово, Република Македонија во 2001. ИРЗ имаше инсталирано видео камера поврзана на Интернет и пренесуваше директно преку интернет дел од воените активности во Тетово.

**Бона Менте** – документарниот филм беше произведен за време на имплементацијата на програмата Бона Мента, чија цел беше зајакнување на капацитетитена комисиите за односи меѓу заедниците, во соработка со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОЕБС) мисија Скопје. Во филмот се прикажани активностите и достигнувањата од програмата спроведена во Република Македонија.







**Заеднички визии –**Документарен филм кој што во 15 минути нуди краток осврт на активностите реализирани во рамките на проектот "Заеднички Визии 2011" ставајќи акцент на истоиментата националната младинска конференција која што се реализираше со финансиска поддршка на УНЕСКО преку заедничката програма на агенциите на ОН.

Институт за развој на заедницата
Community Development Institute
Instituti për Zhvillim të Bashkësisë
Tetovo - Macedonia
www.irz.org.mk

# ДОНАТОРИ:

- CIVICA MOBILITAS – Швајцарска агенција за развој
- Европска Унија
- УНЕСКО
- dvv интернационал – канцеларија Скопје
- Секретаријат за спроведување на Охридски рамкове договор
- Швајцарска Амбасада
- Организација за безбедност и соработка во Европа (ОСЦЕ)
- Норвешка Амбасада
- Норвешка Црковна Помош
- Совет на Европа
- Агенција на Обединети Нации за развој (УНДП)
- Министерство за Култура на Република Македонија
- Амбасада на Соединетите Американски Држави
- Институт за Трајни Заедници - УСАИД
- Потрага по Заеднички Основа
- Светска Банка
- Европска Младинска Фондација
- Фондација Институт Отворено Општество Македонија
- Регионален Еколошки Центар
- Вестминстер Фондација за Демократија
- Германско Министерство за меѓународна соработка
- Католички Служби за Помош
- Германска Асоцијација за Инвестиција и Развој
- Куќа на слободата (Фреедом хоусе – Натионал форум фоундатион)
- Холандска Меѓуцрковна Помош
- Дански совет за бегалци
- Агенти на круната - ДфИД
- Данско министерство за надворешни работи - програма ФРЕСТА
- Меѓународна Организација за Миграции
- Меѓународен комитет за спас (ИРЦ)
- Други донатори

**Банка:** Комерцијална Банка АД Скопје
**Денарска сметка:** 300-1100000534-29
**Девизна сметка:** 0270100256298
**ИБАН код:** MK 07300701002562998
**Даночен Број:** 4028003133288

**Застапник:** Сретен Коцески- Основач и Извршен директор
**Генерален секретар:** Дамир Незири

CDI

Институт за развој на заедницата
Community Development Institute
Instituti për Zhvillim të Bashkësisë
Tetovo - Macedonia
www.irz.org.mk

**ИНСТИТУТ ЗА РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА**

Ул. Љ.Б. Пиш бр.82 , 1200 Тетово , Македонија • Телефон/Факс: +(389-44) 340-677

info@irz.org.mk • www.irz.org.mk